РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1612/4
06-08-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-та седница одржана на ден 01.08.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-1612/1 од 15.05.2024 година, оформен по пријава поднесена против поранешниот градоначалник на Општина ----------------, ------------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-1612/1 од 15.05.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 15.05.2024 година, поднесена е пријава од познат подносител, во која се изнесени наводи дека во 2017 година, -------------------------------- поранешен градоначалник на Општина ---------------, исплатил сам на себе финансиски средства во износ од 10.000 долари од Буџетот на Општина --------------, наводно за свое лекување во странство.

Заради утврдување на фактичката сосотојба по оформениот предмет, Државната комсија се обрати со барање за доставување на информации до Општина -----------, со кое побара да ја известат Комисијата, дали Општина --------------- исплатила финансиски средства во износ од 10.000 долари на име на поранешниот градоначалник на Општина ---------- --------- ---------------, заради лекување во странство во 2017 година и информација по кој основ била извршена исплатата на средствата, со доставување на актот за исплата на средствата, доколку постои.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

На ден 04.07.2024 година, до ДКСК е доставен е одговор од Општина -----------, во кој е наведено дека не била извршена исплата на финансиски средства во износ од 10.000 долари за време на целокупниот мандат на име на градоначалникот ----------------------, со тоа што во прилог на одговорот се доставени финансиските картици од --------------------- за горенаведениот период.

ДКСК изврши увид во доставените финансиски картици на -----------------------------, по што констатира дека за период од 2017-2021 година не се извршени исплати на средства во износ од 10.000 долари на име на поранешниот градоначалник на Општина ----------- ---------------------, по основот наведен во доставената пријава.
Останатите исплати за ова лице се извршени врз основа на Законот за извршување на Буџетот за 2017 година, а по основ на плати и надоместоци.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што не се потврдуваат наводите на пријавата и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: И.П., раководител на сектор
Одобрил: Ц.Р., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk